ТИКВЕШ
ВИНАРСКА ВИЗБА

# Фестивал на младо вино во ВВ „Тиквеш"

**Дегустација и оценка на младото вино од новата берба, се централни случувања на Фестивалот на младо вино, што го организира Винарската визба „Тиквеш". Целта на овој фестивал е да се вклучат љубителите на вино во процесот на создавање на вината преку градење на уникатна македонска винска традиција**

***Кавадарци, 19. ноември 2011*** – Љубителите на врвно вино имаат ретка можност да го дегустираат младото вино од последната берба во рамките на Фестивалот на младо вино во Винарската визба „Тиквеш". Освен дегустација на младото вино од новата берба на ВВ „Тиквеш", на Фестивалот на младо вино, љубителите и познавачите на врвни вина дадоа своја оценка и очекувања за квалитетот на виното и бербата пред добивањето на посакуваната финална структура на вината.

Фестивалот на младо вино на ВВ „Тиквеш" годинава се одржува по втор пат во винарницата, со намера да прерасне во традиционална манифестација која ќе го слави процесот на создавање на виното и ќе го одбележи овој период од годината.

*„Винската индустрија е можеби една од ретките каде крајниот производ односно виното зависи од квалитетот на бербата. Оттука оценката на младото вино дава можност да се претпостави финалниот квалитет на виното. Искрено се надеваме дека виното што денес го дегустираме ќе го достигне посакуваниот квалитет и ќе го повтори, но и надмине успехот што го имавме во изминатиот период. Вината на ВВ „Тиквеш" во изминатиот период добија високи признанија за квалитет, што за нас е дополнителен предизвик и се надеваме дека не само што ќе го достигнеме ланскиот успех, туку и ќе го надминеме",* изјави **Игор Илиевски**, генерален директор на ВВ „Тиквеш".

Неодамна црвеното вино „Бела Вода" – 2010, беше оценето со високи 94 поени од страна на светски познатиот вински критичар Роберт Паркер, по што се отвори можност за извоз на вината на ВВ „Тиквеш" на американскиот пазар и нивен пласман во категоријата на врвни вина. Виното „Бела Вода" - 2010 е единствено вино од регионот кое добило високи 94 поени.

Освен можноста за дегустација и оценка на младите вина од последната берба, ВВ „Тиквеш" има за цел преку Фестивалот на младо вино да ја промовира домашната винска традиција, истакнувајќи ги предностите на Македонија како вински регион и истакнувајќи ги спецификите што ги имаат вината создадени во Македонија.

За дополнителни информации: ImagePR, +389 (0)2 3290 486; office@imagepr.com.mk